Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

**Архивски број: 08-72/2**
**Датум: 19-05-2026 година**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), постапувајќи по Претставка бр. 08–699/1 од 26.09.2025 година, поднесена од страна на /////, со седиште на ///// Скопје против Министерството за ///// и ///// на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, попреченост и здравствена состојба, во областа на пристап до добра и услуги и друга област – слобода на движење и безбедно учество во сообраќајот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на припадност на маргинализирана група, попреченост и здравствена состојба, во областа на пристап до добра и услуги и друга област – слобода на движење и безбедно учество во сообраќајот сторена од страна на Министерството за ///// и ///// на Република Северна Македонија кон лицата со попреченост.

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.09.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од /////, за заштита од дискриминација, сторена од страна на Министерството за ///// и ///// на Република Северна Македонија кон лицата со попреченост, врз основа на припадност на маргинализирана група, попреченост и здравствена состојба, во областа на пристап до добра и услуги и друга област – слобода на движење и безбедно учество во сообраќајот, заверена со бр. 08-699/1.

Во претставката подносителот наведува дека со измените на Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 193/25 од 18.09.2025 година), воведен е нов член 116-а со кој се предвидува забрана и прекршочна казна за пешаците кои користат електронски уреди (како слушалки, мобилен телефон, таблет, смарт часовник или друг уред со кој б и се намалило вниманието на пешакот) при преминување на коловоз или велосипедска патека и смета дека со воведување на ваквата норма иако целта е легитимна (зголемување на безбедноста во сообраќајот), таа не е пропорционална на целта која ја следи и има потенцијал да доведе до индиректна дискриминација кон лицата со попреченост, како и до непотребно префрлање на одговорноста од возачите кон пешаците, што е спротивно на правните стандарди за безбедност во сообраќајот и заштитата на човековите права. Понатаму, подносителот во претставката наведува дека формулацијата „друг електронски уред" е премногу широка и создава правна несигурност, бидејќи без соодветно разграничување на слушни помагала или други асистивни уреди кои ги користат лицата со попреченост, може да се толкуваат како „електронски уреди" со што се отвара ризик од казнување што е надвор од целта на Законот.

* * *

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр.08-699/2 од 27.10.2025 година се обрати до Министерството за /////, од каде е доставен Одговор, во Комисијата заверен со бр.

08-699/5 од 12.11.2025 година, како и до ///// на Република Северна Македонија, со Барање за произнесување бр. 08-699/3 од 29.10.2025 година, од каде е доставен Одговор, во Комисијата заверен со бр. 08-699/4 од 05.11.2025 година.

///// на Република Северна Македонија, во своето произнесување истакнува дека предметниот Закон е донесен на 68-та седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 12.09.2025 година, дека Предлогот на истиот е поднесен од страна на Владата на Република Северна Македонија, како овластен предлагач во редовна постапка. Понатаму, во своето произнесување наведуваат дека Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело на 24-та седница одржана на 27.08.2025 година го разгледала Предлогот на законот во прво читање, а на 26-та седница одржана на 05.10.2025 година, го разгледала Предлогот на законот во второ читање каде бил поднесен и усвоен амандман кој што се однесува на одредбите кои се предмет на претставката, поднесен од подносителот на претставката.

Министерството за ///// во своето произнесување наведува дека издвоената формулација „друг вид на електронски уред“ не треба да се толкува издвоено, туку заедно со останатиот дел од одредбата, „друг вид на електронски уред со кој би му се намалило вниманието додека го преминува коловозот или велосипедската патека или велосипедската лента.“. Понатаму, наведуваат дека под „друг вид на електронски уред“ не се подразбираат слушни помагала или други асистивни уреди кои ги користат лицата со попреченост, бидејќи со нивното користење не се намалува вниманието додека го поминуваат коловозот, велосипедската патека или велосипедската лента, туку истите имаат за цел обезбедување на непречено функционирање во секојдневниот живот на лицата со попреченост.

Согласно одредбите од членот 30 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата упати Барање за дополнителни информации бр. 058-72/1 од 14.01.2026 година и до /////, во врска со предметот на претставката, но Одговор од нивна страна не беше доставен воопшто.

* * *

Со Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 273/22, 65/23 и 192/25) и Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/00, 34/00, 96/00, 104/00, 30/01, 48/01, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 109/06, 18/07, 36/07, 88/07, 106/07, 82/08, 98/08, 142/08, 6/09, 45/09, 67/09, 14/10, 50/10, 156/10, 53/11, 166/11, 26/12, 145/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23, 209/23, 144/25 и 154/25) се регулира статусот и правата на лицата со попреченост, како и со Меѓународната Конвенција на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, а постапките за остварување на правата се регулираат со подзаконски акти, донесени согласно напред наведените закони.

* * *

Согласно се горе наведено, Комисијата утврди дека од страна на Министерството за ///// и ///// на Република Северна Македонија не е сторена дискриминација кон лицата со попреченост врз основа на припадност на маргинализирана група, попреченост и здравствена состојба, во областа на пристап до добра и услуги и друга област – слобода на движење и безбедно учество во сообраќајот, односно констатирано е дека формулацијата „... или друг вид електронски уред **со кој би му се намалило вниманието**...“ од ставот 1 од членот 116 -а од

Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата, доволно е јасна и прецизна во насока на потенцирање дека станува збор за електронски уреди кои може да доведат до одвлекување, односно намалување на вниманието на пешакот, што е спротивно на дефиницијата на **целта на слушните помагала и асистивни апарати, кои на лицата со попреченост кои ги користат истите, им помагаат за подобрување на сетилото кое им е оштетено**, за подобрување на комуникацијата и квалитетот на нивниот живот, од која причина се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

**Скопје, 11.05.2026 година**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**Претседател на Комисијата**
**Душан Томшиќ**

**Доставено до:**

- /////;
- **Министерство за /////;**
- **///// на Република Северна Македонија;**
- **Архива на Комисијата;**